РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 10-10873/16
21-12-2020 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за телекомуникации и услуги
НЕОТЕЛ ДОО извоз-увоз
Бр 0307-1435/1
22.12.2020 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за обезбедување на услуга за пристап до интернет и податочно поврзување за потребите на Министерството за образование и наука

## ДЕЛ 3 – Агрегациски линк – Дата Центар

1. **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА,** со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, застапувано од Министерот за образование и наука Мила Царовска, (во натамошниот текст: Корисник на услуги); и

2. **Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз СКОПЈЕ,** бул.Кузман Јосифовски Питу, бр.15 1000 Скопје, застапувано од одговорно лице Трајче Черепналковски, (во понатамошниот текст „Давател на услуги") од друга страна.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на услугите кои се предмет на овој Договор.

Член 2

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на член 41 став 1, став 2, член 49, член 59 став 1 и став 4 алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" број 24/19), согласно Одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка на услуги бр.10-10873/1 од 07.10.2020 година, со објавување на Оглас во поедноставена отворена постапка бр. 14783/2020 за јавна набавка која ќе се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и завршува со спроведување на електронска аукција (Е-аукција), Одлуката за избор на најповолна понуда за ДЕЛ 3, со број 10-10873/9 од 30.11.2020 година.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на услуги: Обезбедување на услуги за пристап до интернет и податочно поврзување за потребите на Министерството за образование и наука ДЕЛ 3 – Агрегациски линк – Дата центар на Министерството за образование и наука согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација бр.10-10873/2 од 07.10.2020 година на Корисникот на услугата и Конечна понудата со бр.10-10873/15 од 15.12.2020 година, која е составен дел на овој договор.

## III. МЕСТО И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 4

Место на испорачување: Агрегациски линк - Дата центар на Министерството за образование и наука на ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 16 во Скопје (Објект во комплексот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје).

Точки на поврзување – Средни училишта на Град Скопје согласно локации во табела, и тоа:

| | Локација | Адреса |
|---|---|---|
| 1 | СУГС Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин“ | Ул. “Трета македонска ударна бригада” бр. 9, 1000, Скопје |
| 2 | СУГС Гимназија „Никола Карев“ | ул. Никола Русински, бр. 2, 1000, Скопје |
| 3 | СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“ | Ул. Лазо Трповски, ББ, 1000, Скопје |
| 4 | СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ | ул. Димитрија Чуповски бр.27, 1000 Скопје |
| 5 | СУГС Гимназија „Орце Николов“ | Булевар Илинден бр.101, 1000, Скопје |
| 6 | СУГС Кочо Рацин | Лихнида ББ, 1000, Скопје |
| 7 | СУГС Панче Арсовски | 16-та Македонска Бригада бр. 34, 1000, Скопје |
| 8 | СУГС Браќа Миладиновци | Ул. „Бранко Заревски“ бр. 110, 1000, Скопје |
| 9 | СУГС Георги Димитров | ул. “Варшавска”, бр. 3, 1000, Скопје |
| 10 | СМУГС Др-Панче Караѓозов | ул.„50 Дивизија„ бр.2а, 1000, Скопје |
| 11 | СЕПУГС Васил Антевски Дрен | ул. Вера Јоциќ бб, 1000, Скопје |
| 12 | СЕПУГС Арсени Јовков | ул. „Кемал Сејфула бб , 1000, Скопје |
| 13 | СУГС Цветан Димов | Џон Кенеди 16, 1000, Скопје |
| 14 | СУГС Лазар Танев | Ул. Стрезово бр. 3, 1000 Скопје |
| 15 | СУГС Марија Кири Скодовска | Бул. 3-та Македонска Бригада бр. 63А, 1000, Скопје |
| 16 | СГГУГС Здравко Цветковски | Бул. Партизански одреди бр.91, 1000, Скопје |
| 17 | СУГС 8 Септември | Бул. „Александар Македонски“ бр. 23, Гази Баба, 1000, Скопје |
| 18 | СУГС Владо Тасевски | III Македонска бригада бб , 1000, Скопје |
| 19 | АСУЦ Боро Петрушевски | Бул. Александар Македонски, 26Б, 1000, Скопје |
| 20 | СУГС Димитар Влахов | ул. Булевар „3-та македонска бригада“ бр.22, 1000, Скопје |
| 21 | СЕТУГС Михаљо Пупин | ул.”Благоја Стефковски” ББ, 1000, Скопје |
| 22 | СОУ Шаип Јусуф | ул: Вашингтонска бр.44, Шуто Оризари, 1000, Скопје |
| 23 | СОУ Сарај | Улица 2 бр. 20, Сарај, 1064, Скопје |

Член 5

Пристапна брзина: Агрегациски линк – загарантирана пристапна брзина од најмалку 5 Gbit / 5 Gbit (download/upload).

Секоја точка на поврзување - загарантирана пристапна брзина од најмалку 200 Mbit / 200 Mbit (download/upload).

Член 6

Почетокот на испорачување на услугата е најдоцна 15 (петнаесет) дена по издавање на налог за реализација на услуга од страна на Корисникот на услуги. Услугата ќе се користи по потреба согласно епидемиолошките состојби и потребата на Корисникот на услуги во однос на изведување на наставниот процес.

Првото иницијално активирање на услугата ќе биде најавено 15 дена пред издавањето на налог за реализација на секој линк посебно.

Активацијата на услугата ќе се прави согласно неделна динамика со цел планско активирање на потребните локации при што во една недела нема да се издадат Налози за активација за повеќе од 50% од локациите.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Вредноста на овој договор без вклучен ДДВ за целото времетраење на договорот изнесува 675.000,00 (шестотини седумдесет и пет илјади денари). Вредноста на ДДВ за целото времетраење на договорот изнесува 121.500,00 денари (сто дваесет и една илјада и петстотини денари). Вкупната вредност на овој договор со вклучен ДДВ за целото времетраење на договорот изнесува 796.500,00 (седумстотини деведесет и шест илјади и петстотини денари).

## V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Плаќање ќе се врши во рок од 60 (шеесет) дена од денот на приемот на фактурата со потпишана потврда/работен налог за извршена услуга од страна на овластено лице од Корисникот на услуги.

Корекција на цените на предметот на Договорот за јавна набавка на услуги не е дозволена и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот.

Член 9

Во случај на непостапување согласно одредбите на овој Договор, Давателот на услугите го задржува правото да изврши наплата на паричните побарувања по судски пат.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Давателот на услугите е должен да го испорача предметот на договорот за времетраење од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на почеток на испорака на услугата за секоја врска посебно согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација бр.10-10873/2 од 07.10.2020 година.

Прекин на услугата настанува после истекот на времетраењето на услугата утврден во ставот 1 на овој член доколку претходно двете страни писмено не се спогодат поинаку.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГИТЕ

Член 11

За секоја точка од член 4 од овој договор, мора да бидат задоволени следниве минимални технички барања за квалитет на услугата:

- да обезбеди L2 транспарентни сервиси со точка на превземање на локација на дата центарот на Министерството за образование и наука со адреса на ул. „Руѓер Бошковиќ" бр 16, Скопје – Агрегациски линк, за сите Точки на поврзување согласно предвидената брзина.
- да биде овозможен VLAN транспарентност на линковите;
- да обезбеди MTU големина на рамка поголема или еднаква од 9000 бајти и
- загарантирана пристапност од 99.5% на месечно ниво.

Член 12

Давателот на услуги е должен:

- да обезбеди техничка поддршка преку една точка за контакт - Help Desk, преку која ќе се евидентираат и координираат ситеаспектина поддршката;
- да обезбеди поддршка преку телефон и електронска пошта ворамките на Help Desk, истиот мора да биде достапен 24 часа, 7 дена вонеделата за цело времетраење на Договорот и
- техничката подршка ќе ја обезбеди и изврши без дополнителен надомест.

Член 13

Давателот на услуги е должен:

- да обезбеди неограничен сообраќај на местата наповрзувањепо принципот секогаш вклучено, оперативно 24 часа во текот на денот, 7 денаво неделата;
- да изврши почетно нагодување и нагодувања по потреба во текот на времетраењето на испорачување на услугата на пристапна опрема секоја локација: Huawei рутер или да обезбеди еквивалентна сопствена потребна мрежна опрема и истата да ја даде на користење без надомест за времетраење на услугата;
- да ја даде на користење без надомест целокупната опрема и потребни материјали (кабли, оптички модули/конвертори, GBIC и сл.) кои ќе се

користат заобезбедување на услугата и истата мора да биде усогласена со својствата на постојната телекомуникациска опрема на набавувачот;

- да обезбеди надзор на сообраќајот преку веб базирана апликација со графички интерфејс;
- да обезбедува месечни извештаи за искористеноста на врската, извештај од сервисниот центар за пријавени и одстранети пречки, и други извештаи потребни за обезбедување на услугата и
- другите барања на Корисникот на услуги, од помал обем кои се однесуваат на технички усогласувања или нагодувања на комуникациската опрема со која се обезбедува услугата, ќе ги изврши без дополнителеннадомест.

## VIII. ДОГОВОРНИ КАЗНЕНИ ПЕНАЛИ

Член 14

Давателот на услугата мора да ги гарантира минимални барања за квалитет на услугата а за нивно неисполнување ќе плати пенали:

- доколку во целост не се постапи согласно член 11 од овој договор Давателот на услугата ќе плати договорна казна која ќе изнесува 30% од вкупната цена на договорот;
- доколку испораката на услугата не е во рокот пропишан во член 6 од овој договор Давателот на услугата ќе плати договорна казна која ќе изнесува 0,001% од вкупната цена на договорот, за секој ден задоцнување по истекот на рокот пресметано за секоја пристапна точка поединечно;

Член 15

Корисникот на услуги има обврска:

- редовно да ја плаќа услугата во период од една година, дефинирана со овој Договор,
- услугата да ја користи исклучиво за свои потреби, односно да не ја користи за цели спротивни на одредбите на овој Договор и Законот за електронски комуникации и други закони и прописи и истата да не ја споделува со други физички или правни лица.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 16

Услов за полноважност на договорот со Давателот на услугата е обезбедување гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 10 % од вредноста на договорот со ДДВ во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучување на договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот продолжена за дополнителни 2 (два) месеца.

Корисникот на услугата по извршениот избор дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа : лично на лицето за контакт согласно тендерскара документација.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Давателот на услугата не исполни минималните технички барања во рокот на стасаноста и не ги извршува услугите согласно со условите од техничката спецификација за што писмено ќе го извести корисникот на услугите. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, корисникот на услугите ќе објави до ЕСЈН негативна референца.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот корисникот на услугата му ја враќа на Давателот на услугата во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот корисникот на услугата му ја враќа на Давателот на услугата по пошта или лично во седиштето на корисникот на услугата.

## X. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Двете договорни страни може да го раскинат овој Договор спогодбено, во секое време.

Во случај на постапување спротивно на овој Договор од некоја од договорните страни, било која од договорните страни може да го раскине Договорот по претходно писмено известување до другата страна со даден рок од 7 (седум) дена за корегирање на преземените дејствија.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата страна.

Член 18

Давателот на услугата може еднострано да го раскине овој Договор, без отказен рок:

- Во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на корисникот на услугата за цел спротивна на одредбите на овој Договор и Законот за електронски комуникации и други закони и прописи;
- Доколку Корисникот на услугата постапува спротивно на обврските содржани во овој Договор;

- Доколку не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од шест месеци или

Доколку и покрај опомената на Давателот на услугата, Корисникот на услугата не ги плаќа надоместите во предвидените рокови.

## XI. ДОВЕРЛИВОСТ

Член 19

Двете договорни страни прифаќаат и се согласуваат во секое време да ги третираат услугите, податоците и документацијата како деловна тајна на страната која ги открива податоците.

Секоја од договорните страни се согласува да ги третира како доверливи податоците во овој Договор и сите информации добиени од другата договорна страна како резултат на преговорите во врска со овој Договор, или како резултат од извршувањето на обврските според овој Договор, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: проекти, софтвер, дадените услуги, податоци за корисниците и можностите на мрежата („доверлив материјал"), и дека нема да му ги открие таквите информации на ниту едно друго лице, освен кога доверливиот материјал:

- им е ставен на располагање на вработените на една од договорните страни или на изведувачите ангажирани од договорните страни на овој Договор, во случај кога тоа е неопходно;
- бил законски во посед на таа страна пред започнувањето на преговорите што довеле до овој Договор, и/или е веќе јавно познат или ќе стане таков на некоја идна дата (на начин кој не е резултат на прекршување на оваа клаузула);
- е побаран од Примателот на податоци од страна на овластен државен орган или од надлежен суд, со легитимна наредба врз основа на закон. За ваквото барање Примателот на податоци веднаш ќе го извести давателот на податоци.

Член 20

Секоја од договорните страни се обврзува да им наложи на вработените и изведувачите кои ќе бидат ангажирани за реализирање на договорните обврски, доследно да ги применуваат ставовите 1 и 2 од член 19 од овој Договор.

## XII. ОДВОЕНОСТ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 21

Во извршувањето на овој Договор договорните страни ќе бидат цело време независни субјекти и ништо во овој Договор нема да воспоставува, ниту ќе се смета дека воспоставува однос на застапник, партнер или заеднички вложувач со другата договорена страна.

## XIII. КОМУНИКАЦИЈА ПОМЕЃУ ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 22

Договорните страни по потпишувањето на овој Договор се должни да овластат одговорни лица за остварување на комуникација со другата договорна страна по прашања поврзани со овој Договор.

Одговорно лице за следење на реализација на Договорот кај Корисникот на услугите е Кети Костовска.

Одговорно лице за следење на реализација на овој договор, ќе ја следи реализацијата на Договорот согласно одредбите на овој договор за што навремено и хронолошки изготвува контролна чек - листа за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор, а ќе ги извршува особено следните работи:

- ќе следи дали договорот се реализира според барањата во Тендерската документација кон огласот за јавна набавка, според понудата на давателот на услугите и според одредбите на овој договор;
- изготвува писмена коресподенција во врска со реализација на договорот во разумен рок или во рокови предвидени со овој договор;
- ќе изготви и достави Налог за реализација на услуга;
- ќе ги проверува месечните извештаи за искористеноста на Интернет врската, извештај од сервисниот центар за пријавени и одстранети пречки, и други извештаи потребни за обезбедување на услугата
- ги прима и врши проверка на доставените фактури од Давателот на услугата;
- по потреба организира координативни состаноци во случај на оценка на ризик или потреба за меѓусебна кординација;
- го следи и се грижи за навремено постапување во рокови за активности според заклучоци по одржани состаноци;
- по целосна реализација на договорот, како и во случај на раскинување на договорот изготвува Извештај за реализација на договор со прилог потпишана контролна чек- листа што содржи хронолошки настани и факти за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор;
- води досие – предмет за реализација на овој договор и евентуалните анекси на овој договор;
- по потреба срочува службена белешка со мислење за фактичката состојба, архивски службено ја евидентира и со истото ги запознава одговорните лица кај Корисникот на услугите, како и
- врши и други работи поврзани со следење на реализација на договорот по свое видување и на барање на Корисникот на услугите;

Член 23

Секое известување за раскинување, неисполнување или друго известување од правна природа што треба да го даде која било од страните на овој Договор, ќе биде дадено:

- писмено по пошта, со обезбедена потврда за испоракатa;

- преку курир или преку друг начин на рачна испорака за која се добива потпишана потврда за прием од одговорниот претставник.

Писмените известувања договорните страни се должни да ги испраќаат на службените адреси дефинирани горе, или на друга адреса за која соодветната договорна страна е писмено известена.

## XIV. ПРЕНЕСУВАЊЕ

Член 24

Договорните страни не смеат да ги пренесуваат правата и обврските кои произлегуваат од овој Договор, ниту да одобруваат никакво право по овој Договор на било која трета страна без претходна писмена согласност од другата договорна страна.

Член 25

Договорните страни го задржуваат правото да одбијат давање согласност за пренесување, освен во случај кога се бара согласност за пренесување на правата што таа договорна страна ги има, на целосно поседувана подружница во рамките на организацијата на таа договорна страна, кога таквиот пренос е чисто за потреби на преструктурирање или реорганизација и кога тоа не ги засега првобитниот обем на користење/обезбедување на услугите или договорените обврски и прават на таа договорна страна според овој Договор.

## XV. ОДВОИВОСТ

Член 26

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, или неспроведлив, таквиот дел може да се спроведе на поинаков начин со кој би се остварила неговата првобитна намера, ако тоа не е можно, ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема на никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

## XVI. ИНТЕГРИТЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 27

Овој Договор ја содржи целосната согласност на страните во врска со истиот и ги заменува сите претходни договори, усни или писмени, што се однесуваат на оваа проблематика.

## XVII. ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПРАВО

Член 28

Ако една од договорните страни во некој момент пропушти да побара спроведување на некоја одредба од овој Договор, тоа нема да значи ускратување на правото да бара целосно извршување на обврските на другата страна, ниту откажување од правото на реакција на идните прекршоци.

Откажување од право ќе биде важечко само ако е дадено во писмена форма од договорната страна која се откажува од некое свое право дадено со овој Договор.

## XVIII. ПРИОРИТЕТ НА ДОГОВОРИТЕ

Член 29

Во случаите на недоследност меѓу основниот текст на овој Договор и неговите додатоци, основниот текст на овој Договор ќе има предност.

Во случаите на недоследност меѓу основниот текст на овој Договор и неговите дополненија, овој Договор има предност, освен ако дополнението не е посебно нагласено дека со него се укинува или изменува некоја одредба од договорот.

## XIX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 30

Договорните страни се обврзуваат сите спорни прашања произлезени од овој договор да ги решат спогодбено и вонсудски во духот на добрите деловни односи, а во случај на спор по овој Договор ќе решава Основниот суд Скопје 2 Скопје.

## XX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Изменување и/или дополнување на овој Договор е можно со заедничка писмена согласност на двете договорни страни, како и доколку тоа го налага надлежен државен орган или настапат промени во законската регулатива, кои се од значително влијание при исполнување на обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Член 32

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на Договорот.

Член 33

За се што не е предвидено во овој Договор, се применуваат соодветните одредби од Законот за електронските комуникации и Законот за облигационите односи.

Член 34

Овој Договор е составен во 4 (четири) истоветни примерока, од кои по 2 (два) за Корисникот на услугата и 2 (два) за Давателот на услугата и истиот влегува во сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

КОРИСНИК НА УСЛУГАТА,
МИНИСТЕРСТВО ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

МИНИСТЕРКА,
Мила Царовска

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА,
**Друштво за
телекомуникации и услуги
НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз
СКОПЈЕ
Управител,
Трајче Черепналковски**

Изготвил:Емилија Андовска
Конторлирал:Милка Масникоса
Одобрил: Маја Бичиклиска